# КАКО НА ФИЛМ

## Анабел Монаган

САКАМ КНИГИ

# ПОГЛАВЈЕ 1

*Денес овде доаѓа Холивуд.*

*Нема да ја изгубам мојата куќа.*

Овие две мисли ми доаѓаат во умот истовремено кога сонцето почнува да ми ја осветлува собата. Ме исплатија за сценариото што го напишав, а дополнителните пари што ќе им дозволам да снимаат овде, до пладне ќе ми „легнат“ на сметката во банка. Збогум, неплатен даноку за имот. Збогум, долгу од кредитна картичка. Само кога ќе помислам дека сето ова ми го овозможи Бен кога се збогуваше со мене. Денов не може да биде подобар од ова. Рипам од кревет, го облекувам најтоплиот утрински џемпер што го имам и слегувам на приземјето. Си турам кафе и излегувам на тремот од каде го гледам изгрејсонцето.

Секогаш си мислам дека, кој и да ја купи куќава од мене, ќе ја урне до темел. Куќава е стара над сто години; сè е расипано во неа. Во јануари ветрот знае да дува право внатре в кујна и мораме да лепиме со термолента фланелско ќебе над горната рамка од вратата.

Подните штици се вдлабнати; има само две бањи, и двете се на катот. Во секоја спална има плакар како замислен во него да се сместат шест преслеки облека, по можност за некој многу низок. Бен имаше список со поплаки за куќава и порано го разгледуваше секој ден, а јас секогаш имав чувство дека поплаките му се на моја сметка.

Секако, куќава е катастрофа, но се вљубив во неа кога ја видов за првпат на крајот од долгото кривулесто патче крај приодната патека. Крошните од дрвјата магнолија кои растат во низи од двете страни на патеката се спојуваат најгоре така што сега, во април, е како да се возиш низ тунел од розови цветови. Кога излегуваш на главниот пат, се чувствуваш како некој да те пренесол од еден во друг свет, како да си невеста која излегува од црква. Дава посебно задоволство кога излегуваш да купиш млеко и особено кога се враќаш дома.

Куќата ја изградил британски лекар по име Џорџ Ферклот кој живеел на Менхетен и летно време доаѓал во внатрешноста, односно во Лорел Риџ: ова објаснува зошто во куќата нема никаква заштита од зимските временски прилики. Имено, изградена е за да уживаат нејзините станари во топлите денови со температура од околу дваесет и пет Целзиусови степени и тоа најмногу да уживаат кога се надвор од неа. Го замислувам како го дизајнирал имотов како некој маестро, при што ги засадил магнолиите и форситиите под нив како убава најава за почетокот на пролетта. По долгата, сива зима, розовите и жолтите расцутени цветови како да извикуваат: „Се случува нешто!“ До мај веќе позеленуваат како и останатиот дел од дворот – затишје пред да расцутат божурите и хортензиите.

Знаев дека ќе сторам сѐ за да се вселам овде во мигот кога првпат ја здогледав куќичката за чај во задниот дел. Всушност, куќичката за чај е едпразна... 

Главната куќа е трошна градба со бели фасадни штици и со црни прозорски капаци од кои се лупи бојата, но куќичката за чај е изградена од сив камен и има покрив од шкрилец. Внатре има каминче кое функционира, а ламперијата на ѕидовите е од дабово дрво. Изгледа како д-р Ферклот да посегнал преку „барата“ и да ја донел довде од некој зафрлен крај во Англија. Одлично помнам како го слушнав Бен да го изговара зборот „шупа“ кога влезе таму, но го игнорирав, онака како што веќе игнорираш разни работи кога се обидуваш да останеш во брак.

Првото утро овде, ме разбуди првата светлина бидејќи уште ги немавме ставено завесите. Го однесов кафето на предниот трем и изгрејсонцето кое го здогледав ми беше огромно изненадување. Дотогаш ја немав видено куќата во шест часот изутрина. Дури и не знаев дека гледа кон исток. И, тоа ми дојде како неочекувана придобивка од нејзиното купување, како награда за тоа што ја засакав оваа трошна градба.

Сега стојам на тремот и уживам во глетката пред да пристигне филмската екипа. Розови и портокалови нишки како панделки полека се извишуваат од зад дабовото дрво со широки гранки на крајот од мојот трем. Сонцето зад него секој ден изгрева поинаку. Некои денови дава боја како цврста шеќердисана благотија која се искачува нагоре по небото како одјавна шпица на филм, а други денови, светлината се пробива низ лисјата фрлајќи сиви шари на земјата.

Дабот уште неколку седмици нема да има лисја, само жолти и бели цветчиња кои меѓу себе се запрашуваат со полен и ветуваат тревник полн со желади. Мојот тревник е во своето најубаво издание во април, особено наутро, кога го бакнува росата што светка под утринската светлина.

Не знам кое е научното објаснување зад сето тоа, но ритамот на ова место го познавам како што си го познавам телото. Сонцето овде ќе се издига секој Божји ден.

Откако ги будам моите деца и ги испраќам во училиште, се преслекувам веќе шестпати. Стојам пред огледалото облечена во истите фармерки и маичка во кои и ја почнав целава работа и сфаќам дека проблемот е мојата коса. Кадрава е и не е толку лоша колку што ќе биде во август, но мошне е дива. Луѓето од Холивуд носат скротени коси или, ако веќе имаат „дива“ коса, таквата коса им е професионално разбушавена. Ја пикам главата под славината од мијалникот и потоа ја фенирам прамен по прамен, нешто што мислам дека го немам направено уште од денот на мојата свадба, кога стоев во бањата од моето детство, а сите деверици стоеја стуткани една до друга зад мене.

Откако ја исправив косата, гледам дека е само девет часот. Треба да пристигнат во десет и знам дека, ако останам уште малку пред огледалото, ќе почнам премногу да размислувам и ќе западнам во паника. Заклучувам дека изгледам сосем солидно како за триесет и деветгодишна мајка на две деца. Впрочем, не е дека учествувам на аудиција за филмов; па, јас го напишав сценариото за него. Одлучувам да скокнам до град и да завршам неколку ситни обврски кои не се многу итни. Можеби тие веќе ќе бидат пристигнати кога ќе се вратам, а јас ќе изреагирам нешто во стилот: *Еј, здраво, како сте? Леле, извинете, изгубив осет за време*... и ќе влетам во холивудската верзија на мојата вистинска животна драма, како да влегувам на некоја јака забава со изненадување.

Трошам најмногу што можам време додека оставам еден чифт чизми за поправка во чевларскиот дуќан, потоа разгледувам што има на полицата со намаленија во книжарницата. Скокнувам до дуќанот со железарија за да си поправам муабет со г. Мејплтон за неговиот опериран колк и за да го земам купчето крстозбори што тој секоја недела ми го чува од прилогот во неговиот весник. До десет часот веќе ми снемува што да правам, па знам дека сега веќе треба да се вратам дома и да видам точно како изгледа филмската екипа и какви последици ќе остави сето тоа врз мојот тревник.

Погрешно проценив: тие доцнат, а јас повторно стојам на предниот трем и ги гледам додека пристигнуваат. Цврсто се фаќам за оградата додека долгите камиони татнат по мојата земјена приодна патека, при што ги корнат најниските цветови магнолија и го затемнуваат небото од преплашените птици кои полетуваат. За момент, целиов имот ми личи на сцена од некој филм на Хичкок.

Не очекував ова да се случи. Изненадена сум исто колку и сите други што според *Куќичката за чај* се снима филм.

Последниот филм за кој напишав сценарио се викаше *Бакнежи за Божиќ*: осумдесетминутен телевизиски филм со одлично темпирани паузи во дејството за да се остави простор за вкупно четириесет минути реклами. Пред него, напишав сценарио за филмот *Љубов во родното гратче*, горе-долу истата приказна, но која овде се случуваше во есен.

Мојата супермоќ е методички да сместам еден маж и една жена во истото блескаво гратче, чии жители се невообичаено среќни луѓе со проблеми толку ситни да збеснеш. Двајцава на почетокот се пречкаат еден со друг, а потоа се вљубуваат. Цветаат рози додека едниот од нив не замине, но се враќа веднаш по паузата за реклами. Буквално. Секој. Пат.

Со *Куќичката за чај* отстапив од таа моја формула и е дефинитивно најдоброто сценарио кое некогаш сум го напишала. Првото што ми го кажа мојата агентка Џеки откако го прочита беше: „Добра си ти?.“ Се насмеав бидејќи навистина се чинеше дека сум се тргнала од лесните теми. Приказната е подлабока, во неа има многу тага, самонабљудување и самоанализа, а типот на крајот не се враќа. Во месеците откако си замина Бен, на каналот „Романса“ му продадов две забавни, лесни сценарија, но потоа ова помрачното некако се излеа од мене. Се трудев да го задржам за себе личниот живот по заминувањето на Бен, но изгледа некои приказни просто бараат да бидат раскажани.

„Сакам да кажам, одлично е сценариово", рече Џеки. „Но ова ти е за некој сериозен филм, а не за каналот „Романса". Ако се согласуваш, ќе им го понудам на големите студија."

„Бадијала ќе губиш време", ѝ реков додека корнев плевел во предниот двор. „Никој не сака да гледа двочасовна приказна за тагување и за напуштање. Навистина се обидов да ја направам малку поведра кон крајот, но колку и да се трудев, просто не можев да поднесам типов на крај после сè тукутака да си влезе низ вратата."

„Нора, па не поминаа ниту година дена."

„Знам. Затоа морам повторно да го работам она што најдобро го работам. Прави што сакаш со ова сценарио. Мислам дека можеби само имав потреба да си ја олеснам душата. Како е мајка ти, добро е сè?"

„Добра е, добра. Дај ми неколку недели за ова. Сценариово е голема промена."

Сега, кога првиот камион ми сопира пред куќа, со девет од осумнаесетте тркала врз мојот тревник, сфаќам дека промената навистина била голема. Се потпирам врз оградата од тремот додека сопираат уште два камиони од каде почнуваат да се растовараат камери, осветлување, мебел и луѓе.

Ми приоѓа млада жена со розова коса и со бележник со штипка и ми се насмевнува. „Здраво, вие сигурно сте Нора. Немој да паничите, зашто тогаш и јас ќе почнам да паничам. Јас сум Визи, асистентката на Лио."

„Здраво. Не паничам. Секогаш можам одново да засадам трева." Подавам рака да се ракувам со нејзината слободна.

Сега приоѓа уште една жена, поблиску до мене со годините и облечена во црна тренирка. „Јас сум Мередит Коен, извршен продуцент."

„Нора Хамилтон, сопственик на куќата", успевам да изговорам, а уште се држам за оградата од тремот, „И сценаристот", додавам, бидејќи ми е непријатно.

„Видете“, вели Мередит. „Знам дека сето ова ви изгледа драматично. Богами и Лио е баш драматичен периодов. Ќе бидеме бучни и ќе ви растуриме, но потоа ќе расчистиме сѐ и ќе ви се тргнеме одовде за два дена, максимум три.“

„Нема проблем, очекував такво нешто. Досега немам гледано како се снима филм, некако е баш возбудливо.“ Црвен пикап се паркира целосно на тревата, влече голема сребрена приколка. „Што е она?“

Визи се врти и се смее. „А, еве го. Тоа е Лио. Сите ние престојуваме во ‘Хилтон’ овде во Бриџпорт, но Лио не сака да престојува во ‘Хилтон’ хотели.“ Превртува со очите и повторно се насмевнува, божем малку нервира, но истовремено е и симпатично што типов ми го уништува тревникот.

„Лио Венс ќе спие во приколкана? Во мојот преден двор?“

„Тоа нешто не може да се избегне. Во приколката има бања, а за сите други ангажиравме подвижни тоалети, така што, не грижете се за вашата куќа.“

Вратата од големата приколка се отвора и од неа излегува четириесетгодишната суперѕвезда. Бос е, фармерките му висат прениско на колковите, а сивата маичка му е искината на две места. Косата треба малку да му се потстрижи, а и премногу е згоден за да го глуми Бен. Ама па, мене ме игра Наоми Санчез. Мижурка кон небото додека се созема, небаре излегува од некое мрачно место каде претходно минал дваесет и четири часа. Сега е единаесет претпладне, а од Њујорк Сити сме оддалечени само деведесет минути возење.

Лио Венс е најдобро платениот актер што игра во главни улоги во Холивуд. Ова го знам бидејќи три дена пребарував сѐ за него на Гугл. Има станови и куќи на Менхетен, во Бел Ер и во Антиб. Косопственик е на еден НБА-тим. Нема деца, никогаш не се женел. Во хороскоп е вага. Потекнува од Њу Џерси и има брат.

Сум му ги гледала сите филмови, но тоа нема голема врска со него, едноставно јас гледам многу филмови. Добар актер е, а најпознат е по неговиот заводлив поглед. Морам да кажам дека му е малку претеран. Во неговиот прв филм, *Ноќите под сикамори*, на партнерката, ѕвездата Ејлин Бенет ѝ упати едночудо такви погледи и благодарение на нив таа година го прогласија за „Најсекси маж“. Изгледа тоа му стана заштитен знак зашто го задржа во сите натамошни филмови и го применуваше дури и кога беше сосем непотребно. На пример, во *Битката за домашниот фронт*, во сцената во која ѝ вели на неговата бремена жена дека мора да замине во војна, ѝ го упатува тој заводлив поглед. Или, во *Врвна акција* кога држи говор пред новите кадети на воената академија, ги стрела сите присутни со тој негов жежок поглед, и родители и баби и дедовци. А, да не спомнувам каков беше во *Африканска роза*. Мислам, прифатилиште за бегалци во кое избувнува епидемија на маларија секако не е место за расфрлање со врели погледи. Изгледа дека Лио Венс е склон кон несоодветно зрачење со сексапил.

Кога не се расфрла со врели погледи, поседува впечатлив дијапазон насмевки кои му се уникатни за секој филм, а се движат од срамежливи до манијакални: отсекогаш сум му се восхитувала за способноста да ја задржи секоја од тие насмевки доследна во текот на целиот филм. Баш ме интересира која насмевка ќе ја смисли за *Кукичката за чај*. Каква насмевка ќе замисли дека има Бен? Дури не можам да се сетам кога последен пат сум го видела Бен како се насмевнува.

Лио Венс приоѓа кон мојот трем и психички се подготвувам за запознавањето. Совршен на големото платно, неуреден во вистинскиот живот. Ќе се преобрази во човек со бројни проблеми кој на крај ја остава жената со која изградил цел еден живот. Кој ако не Бен би ме довел до работ на разумот, би ме спобудалил доволно за да напишам конечно нешто што вреди. Се насмевнувам поради иронијата: дека Бен всушност ми помогна.

Лио минува покрај мене на тремот како да не постојам, па подзастанува и се враќа еден чекор. „Ти недостасува едно дупче на образот“, вели.

„Другото е внатре“, му возвраќам.

Кимнува со главата и влегува во мојата куќа како тој да е сопственикот.

Не е баш срдечна оваа прва средба.

* * *

Запознавањето со режисерот, Мартин Кокс, минува застрашувачки, како што и очекував.

Визи влезе во куќата во потрага по Лио и затоа сега тој нè затекнува Мередит и мене на тремот. „Вие сигурно сте Нора.“ Не е висок, но е крупен: не можам да одредам дали е физички крупен или самото негово присуство зазема толку простор.

Се ракувам со него и се напрегам да не кажам ништо друго. Ако почнам да зборувам, ќе му кажам каква ми се виде последната сцена од *Алабастер* и дека сметам дека неправедно не му дале Оскар. Ќе му кажам дека само осветлувањето во *Жената во мене* беше величествено. Молчам, најмногу за да не го употребам зборот „величествено“.

„Ќе може да ја видиме?“ прашува тој. Ги водам Мередит и Мартин зад мојата куќа: таму, на самиот влез во шумата, се наоѓа куќичката за чај. До неа нема патека, само тревник, па кога се посетува куќичката, последица речиси секогаш се мокри нозе.

Од претходно ја оставив отворена големата врата од дабово дрво, како што правам обично: кога вратата е отворена, низ челичните прозорци на задниот ѕид се гледа право кон почетокот на шумата: таа глетка ми дава чувство на бесконечни можности.

Куќичката за чај претставува свето место за мене.

Тоа е простор во кој успевам да се сочувам преку пишувањето. И, за разлика од главната куќа, има одлична заштита од влијанието на природните и временските сили. Ги замислувам Ферклотови како ѝ приоѓаат на куќичката како што ѝ приоѓам јас, во очекување на оган кој гори во каминот и на маса на која има сервирано чај и закуска. Замислувам како овде се среќавале љубовници на скришни средби и на први бакнежи. Бен отсекогаш сакаше да ја користи како складиште.

Не знам, можеби токму на тоа се сведе целата работа: на моето убедување дека последното што му треба на светов е повеќе складиштен простор наспроти убедувањето на Бен дека му треба трет мотоцикл. Една од бројните утехи од неговото заминување е што со себе ги понесе повеќето свои работи, а не ги побара децата.

Куќичката за чај имаше значаен удел во распадот на нашиот брак, затоа и ја доби насловната улога. Бен не можеше да го поднесе сето време што го минував во неа; не можеше да ја поднесе работата што ја работев. Не можеше да го поднесе фактот дека јас ги плаќав нашите сметки во последните десет години. Всушност, ни јас не го поднесував тоа.

Колку поспособна станував во грижата за нашето семејство, толку повеќе ме презираше. Колку повеќе ме презираше, толку повеќе се трудев да ги исправам работите. Тоа што јас пишував во куќичката за чај беше огледало во кое тој не сакаше да погледне. Така барем се одвива дејството во филмот. А, во вистинскиот живот? Што знам, можеби замина просто бидејќи сакаше да има повеќе складиштен простор.

Бен сакаше да има повеќе од речиси сè.

Сега, додека приоѓаме кон куќичката, го слушам Мартин како го задржува здивот. „Како од друг свет да е!“ вели. „Не е ни од далеку достојно прикажана на фотографијата.“

Се насмевнувам и продолжувам да чекорам. „Неспорно е дека е од некоја друга доба. Овде пишувам.“

Надвор е топло како за април и покривот од шкрилци, мокар од ноќешниот дожд, светка под сонцето. Од двете страни на вратата стои по една џиновска грмушка хортензии. Почнале да им излегуваат првите ливчиња, нежни и светлозелени, но набргу од нив ќе бликаат светлосини цветови големи колку мојата глава. „Да можевте да почекате до јули, овие ќе беа расцветани“, велам никому посебно бидејќи Мартин веќе влезе внатре.

„Ова е апсолутно совршено“, вели тој додека минува со дланките преку ѕидовите со панели. Вади воки-токи.

„Еве сум, во куќичката за чај. Донесете прекривки за каучот, ќе ми треба сончевата светлина од три часот да влегува низ задниот прозорец. И еден џогер. Лио и Наоми нека се нашминкани.“

Мередит кратко ми намигнува, веројатно за да не се навредам од она дека требало џогер. Слегнувам со рамена во стилот: што ми е гајле?. „Во ред, сега да ви се тргнам од патот, а вие известете ме ако ви треба нешто.“

* * *

СЕ ВРАЌАМ ВО мојата куќа и ми олеснува кога гледам дека е празна. Низ кој прозорец и да погледнам, гледам активност – камион за кетеринг, една жена го брка Лио Венс со шишенце со пумпичка. Од најголемата приколка излегува Наоми Санчез, некако најмногу ѝ се забележуваат нозете во старомодната собна наметка. Претпоставувам ја облекле да изгледа онака како што ме замислил Мартин. Наоми Санчез за првпат ја гледав во *Одмазда* кога таа имаше околу дваесет и пет години. Во една сцена, во која сфаќа дека ја измамиле, беше снимана во толку крупен план што го исполни целиот кадар со лицето. Каде ѝ се порите, се запрашав. На триесет и две години, сè уште е најубавата жена што некогаш сум ја видела.

Ѝ пишувам порака на Кејт: Лио Венс моментално е во мојата куќа. Наоми Санчез е преубава.

Кејт одговара: Ќе пукнам од мака.

Тешко ми е да смислам што треба да правам сега. Мислам, се наоѓам во мојата куќа која баш и не е простор подобен за пишување. Овој простор овде е простор за моите обврски како мајка. Во кујната уште владее хаос од појадокот, ми паѓа на ум помислата дека Лио Венс ми ја видел неизмиената маталка за палачинки и ја намирисал маста од пржената сланина. Почнувам да расчистувам, малку вознемирена што веќе бил овде. Ќе морам да поставам некакви граници. Не сакам утре да влезам овде и да го начекам како ѝ упатува врели погледи на мојата машина за миење садови.

Ѝ ѕвонам на сестра ми, но ми крева Лионора, дадијарката што работи кај неа. „Излезена е со другарките“, вели. Пени со сопругот Рик живеат на Менхетен и во Ист Хемптон, и за нив често пишуваат во списанието *Таун енд кантри*, дека ги носат вистинските работи во друштво со вистинските луѓе. Сега за првпат во животот правам нешто „пофраерско“ од Пени, па ѝ оставам порака преку дадијарката. „Те молам, пренеси ѝ дека ја барав и дека кај мене на приодната патека се наоѓаат Наоми Санчез и Лио Венс.“ Лионора возбудено вреснува: мило ми е.

Ја исчистив кујната и сега размислувам што обично правам ова време. Денес е среда, а во средите јадеме ролат од месо. Па, се разбира! Од замрзнувачот вадам околу половина килограм мелено мисиркино месо и го ставам на работната маса. Е па, и тоа не траеше толку долго колку што се надевав.

* * *

Ги гледам низ прозорецот во аголот од салонот. Сега ја снимаат онаа сцена во која му велам на Бен дека би било подобро кога и двајцата би имале редовни приходи. Тоа беше денот кога Бен ме смести во истата група со сите други луѓе на светов кои не биле доволно визионери

за да веруваат во неговите сништа. Сум била дрон, робот, роб на општествените норми. Прилично сум сигурна дека тоа беше капката која ја прелеа чашата. Замислувам како моите зборови излегуваат од совршената уста на Наоми и почнувам да мислам дека можеби за филмов биле избрани сосем погрешни актери. Како ќе успее Лио Венс да изгледа толку презриво колку што изгледаше Бен додека гледа во толку убава жена? Ми се чини дека луѓето што се убави колку нив би требало да се способни некако да ги решат проблемите. Не постои маж кој ќе замине и ќе остави жена како Наоми Санчез.

Го гледам снимањето веќе цел час кога сфаќам дека ми е време да одам да ги земам децата. Кога ја отворам гаражата, затекнувам тројца како пушат на мојата природна патека. Ги фрлаат цигарите на земја, ги гаснат со нозе, па се тргаат настрана и ми даваат знак со рацете да поминам, божем сум на јавен паркинг, а тие се лакеи-помошници за паркирање.

Немам друг избор освен да извозам преку сопствената трева ако сакам да ги заобиколам камионите и да излезам на земјениот дел од мојата приодна патека, од каде излегувам на главниот пат.

Добро е чувството што конечно го оставив хаосот зад себе и возам кон Лорел Риџ, каде ништо и никогаш не се менува. Бен го прифати гратчево бидејќи буквално немаше друг избор. Посакуваше голем живот во голем град – поточно, живот како оној кој го живее Пени, но откако се покажа дека тоа е прескапо, посака голема куќа во предградие со одлични транспортни врски. И тоа се покажа како невозможно. Станував сè поголема во бременоста со Артур и така стана јасно дека нашето едрособно станче на приземје нема да е доволно за сите нас, со што почна трката со времето.

Имавме дваесет илјади долари како капар за купување куќа вредна триста илјади долари, а куќата вредна триста илјади долари беше многу пооддалечена од градот одошто Бен првично си замислуваше.

Бен им велеше на другарите дека купил трошна куќа во зафрлен крај, но како инвестиција. Им велеше дека гратчето е динамично и амбициозно, што отсекогаш мислев дека е смешно зашто мотото на гратчево всушност би требало да гласи: ниту сме динамични ниту амбициозни. Напредок од секаков вид е вистинска агонија за гратчево чии жители скришно фантазираат да биде земено како урнек за Главната улица во Дизниленд. Значи, постои одбор за архитектонска ревизија и комисија за урбано планирање, со исклучива цел во постоењето да спречуваат луѓе како Бен да го претворат Лорел Риџ во не толку старомодно запустено гратче.

Во Лорел Риџ има шест-седум дуќани кои постојат уште од памтивек. Уживаат лојалност од нивните муштерии која се граничи со лојалност кон некој култ. Лорел Риџ е место во кое секогаш ќе можеш да купиш чекан од познат, како и голема чинија домашен сладолед што го направила тукашна тинејџерка. Има уште неколку други бизниси кои понекогаш се појавуваат и пропаѓаат кога луѓето ќе дојдат овде од Менхетен за да ни продаваат модерни витамински препарати и специјално изработени бисквити за кучиња. Ретко опстојуваат подолго од една година.

Основното училиште се наоѓа на излезот од гратчето. Се паркирам и ги наоѓам пријателките измешани со други родители на игралиштето, како ова да е само уште еден обичен ден.

„Брзо, раскажувај ајде“, вели Џена. Стои под кошот заедно со Кејт.

„Што да раскажувам?“ велам, а се обидувам да звучам ептен опуштено. „Си се дружиме со Лио и со Наоми, ништо посебно.“

„Згоден ли е? Те погледнува ли со оној неговиот поглед?“ прашува Кејт.

„Да и не. Апсолутно е згоден, а одвај и да ме погледна воопшто.“

„Значи, џабе си ја правеше косата?“ Џена мисли на фактот дека сум се исфенирала сама.

„Да, малку претерав“, признавам. „Кога ќе ја видиш во живо Наоми Санчез, сфаќаш зошто Лио не се концентрирал на мене.“

„Еј, Нора.“ Ни приоѓа Моли Рихтер. „Фино изгледаш, добра фризура.“ Моли е онаа класична „идиотка“ што сите сме ја познавале во средно и која никогаш не излегла од таа улога. Но мора да сме фини кон неа бидејќи е претседателка на советот на родители и таа е одговорна за распределба на „волонтерските“ задачи. Се држиме подалеку од Моли Рихтер како што порано луѓето стоеле подалеку од провев.

„Слушам, неделава си играш Холивуд“, продолжува таа.

„Така е.“ Кога разговараш со Моли, важно е да не ѝ нудиш никакви дополнителни информации или да се надоврзуваш со прашања.

„Па, баш слатко. Туку, не заборавај дека пробите за *Оливер Твист* се следната среда по часовите, а ти си одредена да ги чуваш децата зад сцената.“

„Како да заборавам? Артур само за тоа зборува.“ И сега, ѝ ги покажав моите карти во партијата. Не требаше да избрзувам вака. Кејт брзо вдишува, мислиш пропаѓам во жива песок, а таа нема јаже да ми дофрли за да ме спаси.

„А, така? Значи, Артур го интересира некоја поголема улога?“ Моли не ми дава можност да одговорам. „Супер! Бидејќи, баш сакав да те одредам да глумиш претседавач, а ако тој толку се заангажира, ти и онака ќе бидеш таму. Совршено.“ Набрзина запишува нешто во нејзиното „полициско тефтерче“, се врти на петиците и заминува.

Џена гласно се смее. „Е, сега си печена!“

„Да, жалам, ама така е“, вели Кејт. „Ако одбиеш, а не дека би ти дала таква шанса, ќе се погрижи Артур да глуми дрво или камен или нешто слично.“ За денес пробата

веќе заврши, па се надевам дека сега е предоцна Моли да ја покаже силата и да го исфрли мојот десетгодишен син од игра. Артур инаку се наоѓа среде уште една тура пролетни спортски катастрофи и оваа претстава ќе го спаси.

„Знам, ако. Ако Артур добие улога, ќе побарам некој да ми помогне.“

„Никој не сака да помогне“, вели Џена.

„Тогаш, ќе сторам што и да треба. Претставата буквално му значи сè на Артур. Ова е првото нешто за кое го гледам дека е навистина заинтересиран откако замина Бен.“

Обично не го споменувам Бен.

Не затоа што е премногу болно туку затоа што речиси никогаш не мислам на него. Иако, создадов една непријатна тишина околу неговото име и се чини дека таа дејствува во моја полза.

„Ние ќе помогнеме“, велат тие две.

„Најдобри сте, девојки.“ Ѕвони училишното ѕвонче и од училиштето се излеваат десетици деца. Артур притрчува до нас, го фрла ранецот до моите нозе и потоа истрчува по група деца кон игралиштето со реквизити. Не сум сигурна што значи тоа, во смисла како поминал на аудицијата.

Бернадет, осумгодишната „шефица“ во моето семејство, се залетува со трчање кон мене и цврсто ме прегрнува. „Ти искоментира ли нешто за косата?“

„Не, требаше да ја носам твојата.“ Ја галам со дланките по костенливите кадрици. Како да излегле право од *Малиӣе ӣалавковци*, како некоја старомодна фризура.

„Да одиме“, заповеднички вели таа. „Заминуваат за три часа.“

„Утре пак ќе дојдат“, велам. Бернадет ме погледнува како да сум полудела. „Добро, добро.“ Го довикнувам Артур да дојде, а тој се влечка со нозете преку асфалтот додека ни приоѓа.